# Годишен извештај за работа на НВО Центар за хумани односи – Крушево за 2021 год.

Предлага,
Андигона Ангелеска – претседтел на НВО „Центар за хумани односи" - Крушево

Усвојува,
У.О на НВО Центар за хумани односи

Во 2021 година заради ковит – 19 ситуацијата сите наши активности беа сведени на реалзиација на активностите на проектот **„Инклузија во заедницата" финансиски поддржан** од Civika Mobilitas, а **чија реалзиација опфати две години, крајот на 2020 до јуни 2021**.

Посебен предизвик беше да се организираат активностите согласно ковит протоколите. Во 2020 беа спроведени следниве активности кои се дел од годишниот извештај за 2020. Анкета во семејставата на згрижувачите 25 и нивните штитеници – 38, потоа во соработка со волонтерите на Црвениот крст – спроведовме анкета уште на 50 граѓани на истата тема. ( **од вкупно 38 штитеници во згрижувачките семејства 32 се на возраст од 3 до 24 години, значи во категорија млади**). Реализиравме три средби за промоција на проектот Инклузија во заедницата со општината и советниците во општина Крушево, со Центарот за социјални грижи и со Дневниот центар за лица со посебни потреби. Поднесовме барање за финансиска помош за потребите на овие семејства која ќе стане дел од БУџетот на општина Крушево за 2021. Набавивме 38 тренерки – како работка облека за лицата со потешкотии при реализацијата на натамошните активности. Заедно со Платформата за развој на туризмот доделивме новогодишни пакетчиња на лицата со посебни потреби. Сите активности беа објавени на facebook страната на Центарот за хумани односи.

Во 2021 како дел од овој проект беа спроведени следниве актвности....

Избрани беа тим од ментори кои во домешани услови им помагаа на згриѓувачите во различни области и тоа – логопед кој посети 10 семејстав кои изразија желба нишвните штитеници да добијат обука дома, физиотерапевт, кој посети 7 семејстав и нивните штитеници и им пруши терапија во домашни услови, обезбедивме две лица за помош во Дневниот ценатр за лицата со потешкотии во развојот за обавување на основните функции на згрижените лица, како помош при јадење, миење, облекување и изведување на физички вежби за зацврстување на мускулатурата.

Резултатите од проектот беа представени на тркалезна маса пред сите згрижувачи и пред градоначалникот на општина Крушево, ккао и пред сите вклучени во овој проект.

Поднесовме барање и одобрен за реализација е проект Младите како потенцијал за развој н атуриозмот финансиран од општина крушево со 30.000 мкд.
Најголем дел од средствата беа наменети за кофинансирање на проектот 118 години Мартиноски и тоа хонорари за двајца едукатори и ментори на ликовни работилници, за закуска на работилниците и за кетеринг на групната изложба по повод 18.08. роденденот на Мартиноски одржана во Галеријата на Никола Мартиноски. Остатокот од средставта беше за промоција на општина Крушево на АЛФА телевизија во емисијата ВЕЗИЛКА, набавка на суровини и намирници за спремање на влашка трпеза. За набавка на намирници за подготовка на Влашка трпеза и презентација на туристичките потенцијали на општина Крушево во Корча Албанија, како и за подготовка на традиционални колачи и коледарски пакетчиња за манифестацијата Дева во чест на новото раѓање.

Заедно со членките на Платформта за развој на туризмот на светскиот ден за туризам 29 септември и средношколците од НН - Борче на градоначалникот на општина Крушево му доделивме Благодарница за соработка и поддршка на нашата Платформа.

Поднесовме и одобрен за реалзиација е проектот Младински активизам за еко туризам финансиски поддржан од Агенцијата з аспорт и млади на РСМ, во чии рамки се организира настанот 5 километарска трка за независноста, спроведовме анкета на 120 средношколци и организиравме две работилници за придобивките и ефектот од тренинзите на поголема надморска висина, поточно во Крушево.

Нашите членки следеа неколку он- лајн работолниции како – работилницата на Мрежата Фискас, на Рурална коалиција и проектот за родово буџетирање „Низ женски леќи" и наколку други.........

Бевме дел од процесот Форуми на заедницата спорведуван од Рурална коалиција и нашиот тим изготви предлог – проектои за набавка на ехо – дијагностичка апаратура за потребите на лицата со потешкотии и на стари лица.

Се вклучивме во **волонтерската активност за набавка на рози за Тоше Проески** и се координиравме со 30 **средношколци од СОУ „Наум Наумоски Борче" Крушево при пречекот** на маратонците од **Ултрамаратното по повод 16. Октоври**.

Во периодот од мај до септември 2020 заедно со **10 средношколци од СОУ „Наум** Наумоски Борче" Крушево, **ја реализиравме поставката „Албанска соба" и „Македонска** Селска соба" во рамки **на ЕТНО саемот Крушево 2021,заедно со Домот на културата во** Крушево.

За наредната **година 2022, во декември подготвивме два предлог проекта 119** години Мартиноски и **120 години Васил Иљоски, но и ги пишавме сите извештаи за** реализиранит епроекти **..**

Крушево, 05.01.2022 г.

ЦЕНТАР ЗА ХУМАНИ ОДНОСИ • КРУШЕВО •